# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.51 од 13.04.2011 година**

**Член 1**

Во Законот за авторското право и сродните права ("Службен весник на Република Македонија " број 115/10), по членот 151 се додава нов член 151-а, кој гласи:

„Постапка во случај на недонесување решение

**Член 151- а**

(1) Доколку Министерството за култура не го донесе решението за давање дозвола, односно не го одбие барањето за давање дозвола во рокот пропишан во членот 149 на овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање во писарницата на министерот за култура за тој да донесе решение .

(2) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за култура.

(3) Министерот за култура е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот (1) на овој член до писарницата на министерот за култура, да донесе решение со кое барањето е уважено или одбиено. Доколку министерот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на Министерството за култура.

(4) Кон барањето за донесување на решение од ставот (1) на овој член, подносителот на барањето доставува копија од барањето од членот 149 на овој закон.

(5) Доколку министерот за култура не донесе решение во рокот од ставот (3) на овој член, подносителот на барањето има право да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(6) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (5) на овој член да изврши надзор во Министерството за култура дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го извести подносителот на барањето.

(7) Инспекторот по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот за култура во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и да го извести Државниот управен инспекторат за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(8) Доколку министерот за култура не одлучи во рокот од ставот (7) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот за култура ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(9) Доколку министерот за култура не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (8) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (5) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.
(11) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (10) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставовите (6) и (7) на овој член, или не поднесе пријава согласно со ставовите (8) и (9) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Министерството за култура дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(12) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(13) Во случајот од ставот (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.
(14) Во случаите од ставот (13) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат, во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
(15) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (11) на овој член, подносителот на барањето има право да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.
(16) Доколку министерот за култура не одлучи во рокот од ставот (9) на овој член, подносителот на барањето има право да поведе управен спор пред надлежен суд.
(17) Постапката пред управниот суд е итна."

**Член 2**

Подзаконскиот акт предвидено со овој закон ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
По објавувањето на подзаконскиот акт од ставот 1 на овој член во „Службен весник на Република Македонија " веднаш истиот , а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за култура .

**Член 3**

Постапките за добивање дозвола за колективно управување започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според Законот за авторското право и сродните права ("Службен весник на Република Македонија" број 115/10 и 140/10).

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".